Република Северна Македонија

Министерство за правда

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА 2021 г.

**2022, СКОПЈЕ**

## 1.ВОВЕД

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП/Судот) беше основано на почетокот на 2015 година согласно Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009, 43/2014 и 64/2018), како посебно правно лице во состав на Министерството за правда. Покрај овој Закон, надлежностите на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП се дефинирани и со Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009 и 43/2014).

Со Законот за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП на Бирото му е доверена улогата на застапување на државните интереси пред ЕСЧП во согласност со Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП/Конвенцијата) и нејзините Протоколи. Со оглед на карактерот и делокругот на доверените надлежности, Бирото за застапување на Република Северна Македонија *de facto* е специјализиран орган за застапување на сите државни органи на Република Северна Македонија во постапките кои пред ЕСЧП се водат против државата.

Освен надлежностите во делот на застапувањето пред ЕСЧП, на Бирото за застапување пред ЕСЧП му е доверена и надлежност во делот на координација на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП и комуникација со Комитетот на министри за целите на надзорот што овој орган на Советот на Европа го врши над извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП. Меѓудругото, Бирото е стручна и административно - техничка поддршка на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

## 2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ПРЕД ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА

2021 година беше исклучително динамична за Европскиот суд за човекови права. Благодарение на бројните внатрешни реформи кои имаа за цел подобрување на неговите методи на работа, бројот на тековни предмети во Судот значително се намали во споредба со 2011 година, кога тој број изнесуваше 160.000. Судот исто така воведе политика за давање предност на предметите кои се најважни, сериозни и итни, заради забрзување на процедурата на истите. Утврдувајќи дека голем број на ваквите важни предмети не спаѓаат во категоријата „приоритетни предмети“, според постојната категоризација на Судот, тој воведе нова категорија на „предмети од влијание“ во која, по точно утврдени критериуми, ги смести предметите кои покренуваат важни прашања и имаат најголемо влијание во однос на препознавањето на дефектите во националните системи за заштита на човековите права.

На 1 август 2021 година, на сила стапи Протоколот бр. 15 на ЕКЧП. Со овој Протокол, меѓудругото, рокот за поднесување на апликација пред Судот се скрати од шест на четири месеци, меѓутоа во овој дел Протоколот започна да се применува на 1 февруари

2022 година. Исто така, со измените се укина можноста за приговор на пренесувањето (отстапувањето) на случај од страна на Совет во надлежност на Големиот судски совет.

На 1 септември 2021 година Судот одлучи со цел поголема ефикасност, одлуките на Судот во предметите за кои одлучува комитет (совет) од тројца судии да бидат поконцизни.

На 4 и 5 ноември 2021 година, Претседателот на Европскиот суд за човекови права, Роберт Спано, беше во официјална посета на Северна Македонија. По тој повод, тој се сретна со Претседателот на државата, г. Стево Пендаровски, тогашниот Министер за правда, г. Бојан Маричиќ, Претседателката на Уставниот суд, г-а Добрила Кацарска и Претседателката на Врховниот суд, г-а Беса Адеми. Претседателот Спано учествуваше и на конференцијата за „Ефикасен поврат на имот во согласност со европски стандарди“, каде беше придружуван од македонскиот судија во ЕСЧП, г. Јован Илиевски и г. Абел Кампос, заменик регистрар на ЕСЧП.

Што се однесува до бројот на апликации кои се во тек пред ЕСЧП, во текот на 2021 година овој број изнесуваше 70.150 апликации, што е за 13% повисок од минатата година. Петте држави на кои се однесуваат најголем дел од предметите во постапка пред ЕСЧП останаа исти како и минатата година, односно, станува збор за Русија (17.013 апликации односно 24.20%), Турција (15.251 односно 21.70%), Украина (11.372 односно 16.20%), Романија (5.690 односно 8.10%) и Италија (3.646 односно 5.20%).

Во текот на 2021 година најголем број од апликациите пред ЕСЧП беа решени со одлука.[1] За 139 апликации беше утврдено дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот од страна на совети, а 4.856 такви одлуки беа донесени од комитети. Покрај тоа, судии-поединци утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 27.966 апликации.[2] Бројот на одлуки за допуштеност и за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот се намали за 12%, од 37.289 во 2020 година на 32.961 во 2021 година.

---

[1] Предметите пред ЕСЧП се решаваат во четири различни видови на судски формации. Согласно членот 26(1) од ЕКЧП: „За да испитува предмет пред него, Судот заседава во формација на судија-поединец, во комитети од тројца судии, во совети од седум судии и во Голем совет од седумнаесет судии. Судските совети воспоставуваат комитети за определен временски период.“ Судии-поединци ја утврдуваат допуштеноста на поединечни поднесоци во кои најчесто спаѓаат очигледно неоснованите предмети. Овој систем е воспоставен за да се помогне да се намали акумулацијата на голем број предмети. Составени од тројца судии, комитетите одлучуваат за допуштеноста на предмети, како и за основаноста кога предметот се однесува на прашање опфатено со добро воспоставена судска пракса (одлуката мора да биде едногласна). Составени од седум судии, советите примарно одлучуваат за допуштеноста и основаноста на предмети кои покренуваат прашања за кои не било често одлучувано (одлуката може да се донесе со мнозинство гласови). Секој совет го вклучува претседателот на Советот и „национален судија“ (судија со државјанство на државата против која е поднесена апликацијата). Составен од 17 судии, Големиот совет расправа мал, избран број на предмети кои му биле упатени или за кои совет му отстапил надлежност, обично кога предметот опфаќа важно или ново прашање. Големиот судски совет секогаш ги вклучува претседателот и потпретседателот на Судот, петте претседатели на секции (одделенија) и националниот судија.

[2] Споредбено со 2020 г. - за 190 апликации беше утврдено дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот од страна на совети и околу 5,002 такви одлуки беа донесени од комитети, додека судии-поединци утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 31,069 апликации.

Бројот на апликации решени со донесена пресуда забележа значителен раст од 65% во 2021 година, во споредба со 2020 година, при што во 2021 година со пресуда беа решени 3,131 апликација. Голем број на апликации беа споени, што резултираше со донесени 1,105 пресуди (за 3.131 апликација), споредбено со 2020 година кога беа донесени 871 пресуда (за 1.901 апликација).

Во зависност од судските формации, во 2021 година, беа донесени 416 пресуди од страна на совети, 677 од комитети, додека 12 пресуди беа донесени од страна на Големиот судски совет[3].

До Големиот судски совет, во 2021 година беа доставени 3 барања за советодавни мислења согласно Протоколот бр. 16 од Конвенцијата, од кои за 1 беше донесено советодавно мислење[4].

На крајот на годината имаше 62,450 нерешени апликации пред совет (вклучувајќи го и Големиот судски совет) или комитет кои чекаа на решавање, а 7.700 апликации пред судија поединец[5].

Членот 6 (право на правично судење) останува најчесто повредувана одредба на Конвенцијата и во 2021 година, со 344 апликации во кои Судот констатирал повреда. Втора одредба по зачестеност на утврдени повреди е членот 3 (забрана на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување) со вкупен број од 331 апликација. Трета суштинска категорија на констатирани повреди на ЕКЧП е онаа според членот 5 (право на слобода и безбедност) за која Судот утврдил повреда во вкупно 306 апликации.

Со цел зголемување на ефикасноста и забрзување на постапките пред ЕСЧП, по воведувањето на ткн. WECL постапка во 2017 година (well established case law/постапка за предмети кои покренуваат прашања кои се дел од добро воспоставената судска пракса на ЕСЧП), Судот воведе во текот на 2017 година и ткн. IMSI постапка (procedure of immediate simplified communication of cases/постапка за брза поедноставена комуникација на предметите). Воведувањето на овие постапки од страна на ЕСЧП претпоставува зголемен обем на работа за Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, но и го зголемува притисокот за функционирање на институциите во државата во согласност со стандардите изградени во судската пракса на ЕСЧП.

---

[3] Споредбено со 2020 г. - 381 пресуда од совети, 480 од комитети, а 10 пресуди од Големиот судски совет.

[4] Протоколот бр. 16 од Конвенцијата влезе во сила на 1 август 2018 година и обезбедува можност на највисоките судови и трибунали на Високите договорни страни да поднесат барање до Судот за давање на советодавни мислења за начелни прашања кои се однесуваат на толкување или примена на Конвенцијата. Република Северна Македонија не е меѓу земјите кои го ратификуваа Протоколот. Во текот на 2021 година, Големиот судски совет за прв пат донесе одлука со која за прв пат не прифати барање за советодавно мислење, бидејќи истото не ги исполнувало условите од членот 1 од Протоколот бр. 16, имено, дека највисоките судови или трибунали можат да побараат од Судот да даде советодавни мислења за „принципиелни прашања во врска со толкувањето или примената на правата и слободите дефинирани во Конвенцијата или нејзините протоколи“.

[5] Споредбено со 2020 г. - 57,400 нерешени апликации пред совет или комитет, а 4,600 апликации пред судија поединец.

Со воведувањето на IMSI постапката, работата на Бирото за застапување пред ЕСЧП се зголеми по својот обем и степен на сложеност. Оваа постапка за разлика од стандардната постапка, која претпоставуваше дека ЕСЧП ја подготвува фактичката состојба (statement of facts) по предметот, но и делот на релевантното домашно законодавство (law) по кој државата само се произнесуваше, сега товарот на подготовка на овие два дела го става врз државата, односно Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП. Дополнително, ова претпоставува можност во случај Владата да не негира определени наводи на апликантот, ЕСЧП истите да ги земе предвид како фактички претпоставки на кои може да ја заснова сопствената одлука. Кон ваквите промени во постапката пред ЕСЧП треба да се додаде и околноста дека Бирото за застапување пред ЕСЧП работи по преклузивни рокови кои за секое процесно дејствие ги определува ЕСЧП, како и фактот за променетата структура на предмети кои се доставуваат до државата на одговор кои покренуваат далеку посложени прашања на пример од оние кои се покренуваа во предметите со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок, кои во извесен и подолг период го сочинуваа најголемиот дел од предметите кои се доставуваа на одговор до државата.

Од друга страна, класификацијата на еден предмет против државата како WECL предмет кој покренува прашање кое е дел од добро воспоставената судска пракса, претпоставува дека за спорните правни прашања кои тој ги покренува, ЕСЧП веќе претходно одлучувал, но незадолжително во предмет против конкретната држава, туку е доволно за спорното прашање ЕСЧП да одлучувал и во предмет против друга држава членка на Советот на Европа. Ова укажува на фактот дека извесно ќе расте бројот на предмети против државата кои ќе бидат класифицирани во оваа група на предмети, а за кои одлучува комитет од тројца судии. Одлуките и пресудите донесени од комитет од тројца судии стануваат правосилни со денот на нивното донесување и во однос на нив не е дозволено упатување на барање за разгледување на предметот од страна на Големиот судски совет на ЕСЧП. Ова укажува на потребата за доследна примена и почитување на судската пракса на ЕСЧП од страна на сите институции во системот на државата, а како претходни прашања се поставуваат познавањето на истата и на основните алатки за нејзино истражување.

Почнувајќи од 1 јануари 2019 година, ЕСЧП донесе одлука, да воведе нова пракса за сите земји членки на Советот на Европа, на посебна фаза во постапката пред ЕСЧП (неспорна фаза/*non-contentious phase*)[6]. Целта на воведувањето таква фаза, според Судот е поедноставување на процесот на пријателското спогодување помеѓу страните во предметите пред ЕСЧП. Примената на оваа пракса продолжи и во текот на 2021 година.

Новата практика во суштина ги одвојува неспорната фаза од постапката (или прва фаза во траење од 12-недели) од спорната (или втора фаза од постапката која се одвива во следните 12-недели) е всушност фаза од постапката во која се разменуваат опсервациите и

[6] https://www.youtube.com/watch?v=yUcbKJSuxiE&feature=youtu.be

произнесувањата помеѓу страните, во случај на непостигнување на договор за пријателско спогодување помеѓу страните.

Сепак, според новата практика, Регистарот на ЕСЧП нема да даде конкретен предлог за пријателско спогодување во секој случај, односно нема да даде предлог во случаи кои се однесуваат на нови прашања што Судот никогаш не ги оценувал или случаи за кои од некоја специфична причина, не би било соодветно да предложи пријателско спогодување. Во предмети  кои се доставени на одговор согласно новата пракса, а во кои од различни причини Регистарот на ЕСЧП нема да излезе со сопствен и конкретен предлог со јасно и прецизно дефинирани услови за спогодување, по кои странките во постапката треба да се произнесат, истите се сметаат повикани билатерално да преговараат за условите на евентуална спогодба. Сепак, Бирото за застапување пред ЕСЧП на Владата на Северна Македонија, во принцип ѝ предлага спогодбено решавање само во случај на јасни и прецизни услови за спогодување предложени од страна на ЕСЧП.

Мрежата на високи судови (Superior Courts Network (SCN)) која обезбедува рамка за комуницирање помеѓу домашните судови и ЕСЧП, како и помеѓу самите домашни судови, а во истата од страна на Република Северна Македонија се вклучени Врховниот и Уставниот суд, во текот на 2021 година доби уште четири високи судови и тоа од Шведска, Словачка, Ирска и Малта, со што вкупното членство сега изнесува 98 судови од 43 земји-членки. Во последните неколку години оваа мрежа, која инаку е единствена од ваков вид во светот, доби големо значење. Судот најави нејзино развивање во иднина, со што ќе се постигне уште поголемо приближување меѓу Европскиот суд за човекови права и националните судови на земјите-членки. Друга значајна новост беше тоа што во 2021 година кон оваа мрежа се приклучи и Судот на правдата на Европската Унија, со статус на набљудувач, додека пак Судот во Стразбур ја прифати поканата за членство во Судската мрежа на Европската Унија, исто така во улога на набљудувач. Дијалогот меѓу судовите кои се дел од мрежата беше дополнително интензивиран преку зголемен фокус на размена на знаење.

## 3. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2021 година

Бројот на поднесени апликации пред ЕСЧП против Република Северна Македонија се чини во текот 2021 година покажа тренд на зголемување. Слично како и во претходните години, во текот на 2021 година, овој број е над европскиот просек мерено според индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој на европско ниво во текот на 2021 изнесуваше 0.53. Република Северна Македонија во 2021 година според овој индекс заврши на 7-тото место во семејството од 47 држави членки на Советот на Европа со индекс од 1.90. Индексот на поднесени апликации пред ЕСЧП на 10.000 жители против државата во текот на 2020 изнесуваше 1.32, во 2019 беше 1.26, во 2018 изнесуваше 1.47, во 2017 изнесуваше 1.66, во текот на 2016 индексот беше 1.64, а со ваквиот индекс државата во 2020 година беше на 12-тото место, во 2019 година беше на 11-тото место, во 2018 беше на 9-тото место, а во 2017 и во 2016 на 11-тото место меѓу државите членки на Советот на Европа.

Во текот на 2021 година ЕСЧП одлучи по вкупно 368 апликации против Северна Македонија (за разлика од 2020 година кога овој број изнесуваше 300).

Во 2021 година ЕСЧП прогласи за недопуштени или симна од листата на сопствени предмети вкупно 362 апликации против државата. Иако, најчесто поради неисполнување на определени формални претпоставки (како на пр. непочитување на роковите за поднесување на апликациите или неискористување на домашните правни средства пред поднесување на апликацијата), кај овој вид на апликации кои завршуваат како недопуштени (најголемиот дел од нив и без да се доставаат на одговор до државата (во случај кога одлучува судија поединец), Судот е спречен да ја испитува основаноста на истите, но треба да се исклучи можноста дека тие сепак разоткриваат сериозни повреди на ЕКЧП.

Во текот на 2021 година пред различните судски формации на ЕСЧП беа распоредени вкупно 394 апликации против Република Северна Македонија, што е извесно зголемување во однос на претходната 2020 година кога овој број изнесуваше 275.




Во текот на 2021 година до Бирото за застапување на Република Северна Македонија на одговор беа доставени вкупно 39 апликации. Оваа бројка значително се намали во споредба со минатата година кога беа искомуницирани 139 апликации. Повеќе за останатите апликации кои беа доставени на одговор до државата во текот на 2021 година и за наводите за повреда на ЕКЧП кои се покренуваат во нив види Анекс бр.1.

Во текот на годината беа донесени вкупно 6 пресуди против Република Северна Македонија (подетално за пресудите и одлуките на ЕСЧП види подолу).[7]

---

[7] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година; *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година; *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година; *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година; *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година; *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година.

Европскиот суд за човекови права до државата достави две барања за времена мерка, при што ја покани државата да се произнесе по истите, а потоа во двата случаи одлучи да не изрече времена мерка против државата.

## 4. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕСЧП ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од ратификацијата на Европската конвенција за човекови права од страна на државата на 10 април 1997 година, Европскиот суд за човекови права има донесено 185 пресуди и 511 одлуки за допуштеност или за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот во предмети против Северна Македонија. Од вкупниот број на пресуди против државата, 151 се усвоени од совет, 32 од комитет од тројца судии во т.н. „повторувачки“ предмети или т.н. WECL - предмети на добро воспоставена судска пракса и 2 од страна на Големиот судски совет. Во текот на 2021 година, против нашата држава беа донесени 6 пресуди[8] и 32 одлуки.

Од вкупниот број на пресуди против државата, 121 пресуда се однесуваат на членот 6 од Конвенцијата, правото на правично судење, при што беа утврдени повреди во 114 предмети. Тие во најголем број се однесуваат на правото на судење во разумен рок. Судот зазема становиште дека апликантите најпрво треба да поднесат барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд, што се смета за ефикасен правен лек, пред да го поднесат нивниот случај пред него[9], дури и тогаш кога надоместокот досуден од страна на Врховниот суд бил несоодветен односно мал во споредба со износот кој во околностите на случајот би го досудил ЕСЧП[10].

Многу граѓански и управни предмети покренуваа прашања што се однесуваа на непристрасноста[11], начелото на еднаквост на оружјата[12], отсуството на правна сигурност и конзистентна судска пракса[13], отсуството на доволно образложение на судските одлуки[14], правото на пристап до суд[15] и правото на усна расправа[16]. Од друга страна, презумпцијата на невиност[17], еднаквоста на оружјата и правото на одбрана во врска со допуштеноста на искazите од отсутни или сведоци со прикриен идентитет

---

[8] ibid.
[9] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука на совет од 3 ноември 2011.
[10] *Петровиќ*, пресуда од 22 јуни 2017.
[11] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година, *Митров*, пресуда од 2 јуни 2016; *Митриновски*, пресуда од 30 април 2015; *Бајалџиев*, пресуда од 25 октомври 2011; *Николов*, пресуда од 20 декември 2007.
[12] *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Тасева-Петровска*, пресуда од 11 јануари 2018; *Наумоски*, пресуда од 27 ноември 2012; *Грозданоски*, пресуда од 31 мај 2007.
[13] *Крстаноски и други*, пресуда од 7 декември 2017; *Стоилковска*, пресуда од 18 јули 2013.
[14] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019; *Атанасовски*, пресуда од 14 јануари 2010; *АСП ПП ДООЕЛ*, пресуда од 6 јуни 2019.
[15] *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Адиловска*, пресуда од 23 јануари 2020 година; *Центар за развој на аналитичка психологија*, пресуда од 15 јуни 2017; *Балажоски*, пресуда од 25 април 2013; *Спасовски*, пресуда од 10 јуни 2010; *Демерџиева и други*, пресуда од 10 јуни 2010; *Борис Стојановски*, пресуда од 6 мај 2010; *Петкоски и други*, пресуда од 8 јануари 2008; *Фетаовски*, пресуда од 19 јуни 2008. Повреда во оваа смисла не беше утврдена во *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016.
[16] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019; *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017; *Миткова*, пресуда од 15 октомври 2015.
[17] *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година (во кој не беа утврдени повреди во овој поглед), *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018; *Полетан и Азировиќ*, пресуда од 12 мај 2016; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014.

(загрозени) сведоци[18] и присуството на обвинетиот на рочиштето[19], оценката на вештите наоди и мислења[20], правото на усна расправа[21], допуштеноста на незаконито стекнати докази[22], користењето на агент провокатор[23] и правото на толкувач[24] беа адресирани во многу кривични предмети пред ЕСЧП.

Повреда беше утврдена во 14 пресуди кои се однесуваа на член 1 од Протоколот бр. 1, поради поништувањето на конечно решение со кое е признаено право на пензија[25], одбивањето да се врати во сопственост во постапка за денационализација одземената земјишна парцела, иако биле исполнети законските услови[26], недоволниот надоместок за експропријација на земјиштето на апликантите во корист на правно лице[27], одземањето на возила кои биле употребени како средства за извршување на кривично дело или прекршок[28] и недозволувањето на одбивка на ДДВ на компанијата – апликант[29]. Во случајот на исклучените корисници од топлинска енергија во колективните објекти за домување кои беа обврзани да плаќаат паушал на снабдувачот, Судот исто така утврди дека државата сторила повреда на правото на сопственост[30]. Вонредното поништување на конечно и правосилно решение за денационализација, што имало за цел да се исправат „очигледните пропусти“ на управните органи не претставуваше повреда[31].

Судот донесе 4 пресуди за членот 2, правото на живот[32], утврдувајќи повреда дури и кога не настапила смрт, туку на апликантот само му била нанесена повреда од страна на полициски службеник[33]. Повреда не беше констатирана во случај на дејствија или пропуштања на лица инволвирани во непријавување на кривично дело, што имало за последица смрт на синот на апликантката кој бил убиен од припадник на

---

[18] *Бошкоски*, пресуда од 4 јуни 2020 година; *Зибери*, пресуда од 6 јуни 2019; *Асани*, пресуда од 1 февруари 2018; *Дончев и Бургов*, пресуда од 12 јуни 2014; *Иљази*, пресуда од 3 октомври 2013; *Пападакис*, пресуда од 26 февруари 2013; *Трампевски*, пресуда од 10 јули 2012; *Атанасов (бр. 2)*, пресуда од 19 април 2011; *Солаков*, пресуда од 31 октомври 2001.
[19] *Ефтимов*, пресуда од 2 јули 2015; *Атанасов*, пресуда од 17 февруари 2011; *Настеска*, пресуда од 27 мај 2010; *Митревски*, пресуда од 21 јуни 2006.
[20] *Душко Ивановски*, пресуда од 24 април 2014; *Стоименов*, пресуда од 5 април 2007.
[21] *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година
[22] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015.
[23] *Ѓоргиевски*, пресуда од 16 јули 2009.
[24] Повреда не беше утврдена во *Сандел*, пресуда од 27 мај 2010.
[25] *Ромева*, пресуда од 12 декември 2019.
[26] *Стојановски и други*, пресуда од 23 октомври 2014 и пресуда од 7 февруари 2019 во однос на материјалната штета во конкретниот случај.
[27] *Арсовски*, пресуда од 15 јануари 2013 и пресуда од 7 февруари 2019 во однос на материјалната штета во конкретниот случај.
[28] *Анев и Најдовски*, пресуда од 3 септември 2020; *Јакимовски и Кари превоз*, пресуда од 14 ноември 2019; *Анастасов*, пресуда од 26 септември 2019; *Василевски*, пресуда од 28 април 2016; *Андоноски*, пресуда од 17 септември 2015. Не беше утврдена повреда во *Сулејмани*, пресуда од 28 април 2016.
[29] *Авто Атом Доо Кочани*, пресуда од 28 мај 2020
[30] *Стрезовски*, пресуда од 27 февруари 2020
[31] *Спиридоновска и Поповски*, пресуда од 19 октомври 2017; *Толески*, пресуда од 15 јуни 2017;
*Викентијевиќ*, пресуда од 6 февруари 2014.
[32] *Китановска-Станојковиќ и други*, пресуда од 13 октомври 2016; *Нешкоска*, пресуда од 21 јануари 2016; *Китановски*, пресуда од 22 јануари 2015; *Сашо Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012.
[33] *Сашо Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012.

специјалните полициски сили[34]. 18-месечното одложување на извршувањето на затворската казна на сторителот се сметаше за составен дел од процедуралната обврска на државата од членот 2[35].

Во 14 од 15 пресуди по членот 3, забраната на мачење, Судот утврди прекршување во процедуралниот дел[36]. Во многу предмети, Судот потенцираше дека од жртвите на наводни повреди не се бара самите да покренат гонење на овластените службени лица на државата, туку должност на обвинителот е да го испита апликантот и да ги земе предвид сите докази, односно да спроведе ефективна истрага[37], а во еден предмет Судот го сметаше за претеран формализам инсистирањето апликантот да го открие идентитетот на сите полициски службеници против кои тој поднел кривична пријава[38]. Освен во *Ел-Масри*, и во *Хајрулаху* Судот го квалификуваше постапувањето како тортура, со оглед дека на апликантот му се заканувале со цел да извлечат признание, што му предизвикало емоционална, психолошка и физичка болка и страдање[39]. Во многу предмети, Судот потенцираше дека од жртвите на наводни повреди не се бара самите да покренат гонење на овластените службени лица на државата, туку тоа е должност на обвинителот. Врзувањето со лисици на душевно болна апликантка во текот на нејзиниот транспорт до болница претставуваше деградирачки третман со кој се прекршува суштинскиот аспект од членот 3[40]. Судот утврди повреда на материјалниот аспект на членот 3 од Конвенцијата и деградирачки третман и во случајот на несоодветната грижа на ментално болно осумгодишно дете кое над една година и девет месеци било сместено во установа несоодветна за неговата здравствена состојба[41], а во врска со истиот случај констатираше повреда поради отсуство на ефикасна истрага, како меѓународна обврска на државата.

Во еден случај, Судот утврди повреда на член 14 во врска со член 3 поради неуспехот на домашните власти да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност[42].

Повреди беа констатирани во сите 10 пресуди кои се донесени за член 5, правото на слобода и безбедност[43]. Пресудата на Големиот совет во *Ел-Масри против*

[34] *Нешкоска*, пресуда од 21 јануари 2016.
[35] *Китановска-Станојковиќ и други*, пресуда од 13 октомври 2016.
[36] *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020, *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018; *Аслани*, пресуда од 10 декември 2015; *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015; *Андоновски*, пресуда од 23 јули 2015; *Китановски*, пресуда од 22 јануари 2015; *Ел- Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012; *Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012; *Сулејманов*, пресуда од 24 април 2008; *Џеладинов и други*, пресуда од 10 април 2008; *Трајкоски*, пресуда од 7 февруари 2008; *Јашар*, пресуда од 15 февруари 2007.
[37] *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020
[38] *Трајкоски*, пресуда од 7 февруари 2008.
[39] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015.
[40] *Илиевска*, пресуда од 7 мај 2015.
[41] *Л.Р.*, пресуда од 23 јануари 2020 година.
[42] *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година
[43] *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018; *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013; *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010; *Митрески*, пресуда од 25 март 2010; *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009; *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009.

*Македонија*[44] се однесуваше на арбитрарното, *incommunicado* притворање на германски државјанин, неговото „вонредно предавање" и неговиот трансфер во Авганистан, каде тој бил малтретиран. Освен предолгото траење на притворите и необразложеноста на колективните притворски решенија[45], ЕСЧП го дискутираше и правото на обвинетиот ефективно да учествува во постапката во која неговиот иницијален куќен притвор бил заменет со притвор[46], отсуството на разумно сомнение дека апликантот сторил кривично дело[47], незаконитото апсење поради наводно непридржување кон налогот на судот за плаќање на глоба и неинформирањето на апликантот за причините за неговото апсење[48], недоделувањето на (доволен) надоместок поради незаконитото лишување од слобода (и мачењето на апликантот за време на лишувањето од слобода)[49], како и неоправданото континуирано задржување во психијатриска установа[50].

Повреда беше утврдена во 10 од 11 пресуди за членот 8, правото на почитување на приватниот и семејниот живот, што ги опфати одбивање на промена на етничката припадност во Судскиот изборен именик во тек на оглас[51], одбивање на барањето на трансродово лице за промена на полот во матичната евиденција[52], правото на почитување на угледот[53], неизвршувањето на решенијата за одржување на контакти помеѓу родителите и нивните деца[54], моралниот и физичкиот интегритет на личноста[55], временски неопределеното чување на ДНК-примероци на осудени лица и недостаток на можност да се побара бришење на истите[56] и прибавување на доверливи медицински податоци на жалителите од страна на полицијата без доволно заштитни мерки за нивно обелоденување[57]. Присилното отстранување на новинарите од собраниската галерија додека тие известуваа за дебатата за одобрување на државниот буџет за 2013 година го прекрши членот 10, слободата на изразување[58], за кој Судот утврди повреда и во случајот на колумнист кој беше кривично осуден за клевета за критикување на новинар во негова колумна[59].

---

[44] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012.
[45] *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010.
[46] *Митрески*, пресуда од 25 март 2010.
[47] *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009.
[48] *Велинов*, пресуда од 19 септември2013.
[49] *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013.
[50] *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009.
[51] *Тасев*, пресуда од 16 мај 2019.
[52] *X*, пресуда од 17 јануари 2019.
[53] *Карајанов*, пресуда од 6 април 2017; *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016; *Поповски*, пресуда од 31 октомври 2013.
[54]*Олури*, пресуда од 16 јануари 2020, *Митови*, пресуда од 16 април 2015. Спротивно на тоа, повреда во овој поглед не беше утврдена во *Митрова и Савиќ*, пресуда од 11 февруари 2016.
[55] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012.
[56] *Трајковски и Чиповски*, пресуда од 13 февруари 2020.
[57] *Ј.М. и А.Т.*, пресуда од 22 октомври 2020.
[58] *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017.
[59] *Гелевски*, пресуда од 8 октомври 2020.

Само еден случај по член 11, слободата на собирање и здружување се однесуваше на престанок на граѓанско здружение[60], додека 4 случаи вклучуваа забрана за регистрирање на верски заедници (повреда на членот 11 во врска со членот 9)[61].

## 5. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 година




### 5.1. Пресуди на Европскиот суд за човекови права во предмети против Република Северна Македонија

Од 6 пресуди против државата донесени во 2021 година, 3 пресуди беа усвоени од совет од седум судии[62], а 3[63] од комитет од тројца судии. Во 4 случаи Судот најде повреда на членот 6[64], а во еден случај повреда на членот 14 во врска со членот 3 од Конвенцијата[65].

ЕСЧП во текот на 2021 година ги донесе следните пресуди против државата:

Апликацијата *Стојменовиќ и Милошевиќ* [66] се однесува, пред сè, на жалбени наводи за повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата поради наводно отсуство на објективна

---

[60] *Здружение на граѓани „Радко“ и Паунковски*, пресуда од 15 јануари 2009.
[61] *Ставропигијален манастир „Свети Јован Златоуст“*, пресуда од 29 ноември 2018; *„Црква на вистинските православни христијани“ и Ивановски*, пресуда од 29 ноември 2018; *„Бекташка заедница“ и други*, пресуда од 12 април 2018; *„Православна охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на Пеќката патријаршија)“*, пресуда од 16 ноември 2017.
[62] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година; *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година; *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година.
[63] *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година; *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година; *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година.
[64] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година; *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година, *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година; *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година.
[65] *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година.
[66] *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година.

непристрасност на Врховниот суд, во чиј состав во граѓанската постапка бил вклучен и судија кој претходно учествувал како судија во Апелациониот суд во тесно поврзан кривичен предмет. Судот одлучи дека апликацијата во однос на вториот апликант е некомпатибилна *ratione personae* со оглед на тоа дека тој не бил директен наследник на непосредната жртва која починала пред поднесување на апликацијата. Во однос на првиот апликант, Судот го заклучи следното: при одлучувањето, граѓанските судови се потпреле, *inter alia*, врз наодите на кривичниот суд кој утврдил кривична одговорност на апликантот, односно неговиот претходник во постапката; понатаму, со оглед на тајноста на советувањето, без оглед на тоа што судијата бил само член на советот, невозможно било да се утврди реалното влијание на судијата во носење на одлуката; судијата ниту го информирал претседателот на Врховниот суд дека бил дел од советот во кривичната постапка кој одлучувал пет години претходно, ниту побарал изземање. Истовремено, Судот констатираше дека апликантот, односно неговиот претходник, во околностите на случајот, не можел да побара изземање на судијата од постапување во граѓанскиот предмет. Оттука, Судот утврди повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата.

Судот најде повреда на гаранциите од членот 6 и во случајот *ТРАНСКОП АД Битола*[67] во кој компанијата – апликант се жалеше дека кривичната постапката која била запрена, но резултирала со одземање на нејзиниот автобус била неправична, особено, затоа што немало ниту една усна расправа пред домашните судови и конкретно вештачење не било доставено до компанијата – апликант. Судот заклучи дека во конкретниот случај немало исклучителни околности за да се оправда неодржувањето на усна расправа, дополнително, со оглед на фактот дека во текот на постапката не се одржала усна расправа, компанијата – апликант не била во можност да се запознае со содржината на спорното вештачење и ефективно да го аргументира својот случај.

По неуспешните преговори за пријателско спогодување во случајот *Проданов*[68], Владата достави еднострана декларација со која призна дека имало повреда на членот 6 § 1 од Конвенцијата. Меѓутоа, Судот одлучи да го продолжи разгледувањето на апликацијата по приговорот на апликантот дека според домашното законодавство и домашната судска пракса, еднострананата декларација од Владата, за разлика од пресудата донесена од Судот со која се утврдува повреда, не може да послужи како основа за повторување на постапката. Во овој случај, апликантот се жалеше дека спротивно на гаранциите од членот 6 од Конвенцијата, немал пристап до Врховниот суд заради начинот на кој овој суд ги применил одредбите од Законот за парнична постапка и ја отфрлил неговата ревизија како недозволена *ratione valoris*. Судејќи од фактите на случајот, Судот констатираше дека Врховниот суд погрешно утврдил дека промената на вредноста на тужбеното барање се случила во несоодветна процедурална фаза, дополнително, овој суд не заземал став за тоа дали

[67] *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година
[68] *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година

таквата промена во фазата од постапката во која се случила, била во согласност со законот или со неговата воспоставена практика.

Случајот *Бајиќ*[69] се заснова на жалбени наводи согласно членот 6 став 1 од Конвенцијата, во врска со наводно неправична кривична постапка против апликантот поради наводно отсуство на образложени причини во пресудите на домашните судови, недоставување до апликантот на писмениот одговор кој Јавниот обвинител го поднел во постапката пред Врховниот суд и наводна повреда на правото на заштита од самоинкриминација. Разгледувајќи ги сите наведени жалбени наводи на апликантот, Судот утврди повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата во делот на неконтрадикторната постапка пред Врховниот суд, со оглед на фактот дека апликантот не бил информиран за поднесоците доставени од обвинителот, а како резултат на отсуството на изречна одредба во домашното законодавство која тоа го налага. Потенцирајќи дека постоењето на повреда е можно дури и во отсуство на било каква штета, Судот заклучи дека не постои потреба да се утврди дали пропустот да му се достави релевантниот документ му нанел некаква штета на апликантот. Во светло на погорекажаното, Судот утврди дека одговорноста да му овозможи на апликантот да се запознае со писмените произнесувања на обвинителството пред да ја донесе одлуката, му припаѓала на Врховниот суд. Во останатиот дел ЕСЧП утврди дека не постои повреда на ЕКЧП.

Апликацијата *Мемедов*[70] се однесуваше на наводи за расно мотивирана полициска бруталност во однос на апликантот, кој е од ромско етничко потекло, и наводниот неуспех на државата да ги испита можните расистички мотиви за делата за кои се жали, како резултат на институционален расизам. ЕСЧП, дел од наводите ги прогласи за недопуштени, а констатираше повреда во делот на наводите за членот 14 од Конвенцијата во врска со членот 3, поради неуспех на обвинителството да спроведе ефикасна истрага во однос на наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност.

Судот не утврди повреда на Конвенцијата во случајот *Милачиќ*[71] каде апликантот се жалеше на наводна повреда на неговата презумпција на невиност во постапката за надомест на штета во врска со автомобилот што му бил привремено одземен, по запирањето на прекршочната постапка поради настапување на застареност. Конкретно, апликантот се жалеше дека во пресудата на Врховниот суд билословен како „сторител“, иако неговата вина никогаш не била докажана бидејќи постапката по истата била запрена. Судот констатираше дека употребата на терминот „сторител“ во пресудата се совпаднало со законската терминологија и изразот што се користи во прекршочните постапки. Додека изборот на зборови бил несреќен пропуст, овие формулации сами по себе не можат да претставуваат експлицитна потврда од која би произлегла одговорноста на апликантот за

[69] *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година
[70] *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година
[71] *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година

сторениот прекршок. Поради тоа, Судот утврди дека во конкретниот случај нема повреда на членот 6 од Конвенцијата.

### 5.2. Одлуки на ЕСЧП во предмети против Република Северна Македонија

Во 13 од 32 одлуки усвоени против Северна Македонија во 2021 година, Судот навлезе во мериторно испитување на случајот.

Имајќи предвид дека во дел од апликациите, жалбените наводи се однесуваа на повеќе од еден член од Конвенцијата, од вкупниот број одлуки донесени во 2021 година, 19 предмети се однесуваа на правото на сопственост загарантирано со членот 1 од Протоколот бр. 1, пет случаи го адресираа правото на правично судење согласно членот 6 од Конвенцијата, членот 13 кој го гарантира правото на ефикасен домашен правен лек беше разгледуван во пет случаи, забраната за дискриминација која е гарантирана со членот 14 од Конвенцијата, како и општа забрана на дискриминација предвидена во членот 1 од Протоколот 12 беа предмет во пет апликации, два предмети се однесуваа на членот 3 кој ја гарантира забраната за мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, три предмети го покренаа прашањето за повреда на член 8 кој го обезбедува правото на приватен живот, а во еден предмет жалбените наводи беа врзани за правото на слобода и безбедност согласно член 5.

Во предметот *Шиповиќ*[72], апликантите се жалеа дека со судските одлуки за продолжување на мерката притвор во нивниот случај и постапката за преиспитување на тие одлуки била направена повреда на нивното право на слобода и безбедност согласно членот 5 во кривичната постапка против нив во која јавниот обвинител се откажал од обвинението. Судот заклучи дека во врска со жалбените наводи за членот 5 § 3, апликантите не можеле да се сметаат за „жртви“ согласно одредбите на Конвенцијата, со оглед на тоа дека во домашната граѓанска постапка тие добиле надомест на штета за одредената мерка притвор, а наодите на домашните судови, кои се однесувале на целата должина на притворот, содржеле јасно признание дека истиот бил неоснован. Во однос на наводите за повреда на правата од членот 5 § 4, поради отсуство на усна расправа во постапката за судско преиспитување на нивниот притвор, Судот ги отфрли поради непочитување на рокот од шест месеци.

Апликантите во предметот *Јазбек*[73], повикувајќи се на правата загарантирани со членот 14 во врска со членот 6 од Конвенцијата и членот 1 од Протоколот бр. 12 на Конвенцијата, тврдеа дека биле дискриминирани врз основ на нивното државјанство, со оглед на тоа дека адвокатскиот тарифник предвидува двојно поголема награда за правна помош во предметите во кои една од странките е странско лице. Судот заклучи дека во околностите на овој случај немало разлика во третманот на апликантите врз основа на нивното државјанство, поради што нивните жалбени наводи ги прогласи за очигледно неосновани и истите ги отфрли.

---

[72] *Шиповиќ*, одлука од 4 февруари 2021 година

[73] *Јазбек*, одлука од 20 мај 2021 година

Апликантот *Бабовски*[74] се жалеше дека како резултат на незаконската постапка за лустрација, тој бил спречен да учествува на парламентарните избори во 2011 година, со што биле повредени неговите права загарантирани со членот 3 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата. Судот утврди дека апликантот учествувал на споменатите избори, но не бил избран за пратеник од причини неповрзани за постапката за лустрација и апликацијата ја отфрли.

Жалбените наводи во случајот *Стојановски и други*[75] апликантите ги засноваа врз членот 13 од Конвенцијата и членот 1 од Протокол бр. 1 кон Конвенцијата, тврдејќи дека не можеле да го остварат правото на ефикасен правен лек, со оглед на тоа дека домашните судови го одбиле нивното барање за повторување на постапката за денационализација. Судот утврди во околностите на случајот дека апликацијата била поднесена надвор од рокот од шест месеци.

Во предметот *Бекир и други*[76] апликантите бараа Судот да утврди повреда на нивните права загарантирани со членовите 3 и 8 од Конвенцијата поради тоа што биле насилно иселени од нивните домови без процедурални гаранции, кои потоа биле урнати, без да добијат алтернативно сместување од страна на државата. Тие се жалеа дека немале ефикасен правен лек (член 13) во однос на нивните наводи за повреда на членовите 3 и 8. Повикувајќи се на членот 14 од Конвенцијата и членот 1 од Протоколот бр. 12, апликантите тврдеа дека рушењето на нивните домови било дискриминаторско поради нивното ромско потекло. Судот ги отфрли жалбените наводи поради неискористување на домашните правни лекови, односно како очигледно неосновани.

Апликантот *Симовски*[77] се жалеше на повреда на неговите права загарантирани со членовите 8 и 6 од Конвенцијата, а во врска со претресот на неговиот дом како дел од кривична постапка против него и последователната употреба на предметите како доказ одземени во истата. Судот ги отфрли наводите за повреда на членот 8 утврдувајќи дека претресот на домот на апликантот бил „во согласност со законот", за остварување на легитимна цел и „неопходно во едно демократско општество". Дополнително, Судот утврди дека употребата на спорните докази како такви не го лишила апликантот од правично судење согласно членот 6 од Конвенцијата. Со оглед на околностите на овој случај, Судот ја прогласи апликацијата за очигледно неоснована.

Случајот *Незири*[78] се однесува на наводна повреда на членот 1 од Протоколот бр.1 на Конвенцијата, поради конфискација на девизи од апликантот при премин на државната граница. Врз основа на наведеното, Судот ја прогласи апликанцијата за некомпатибилна *ratione personae*, заклучувајќи дека одземените девизи припаѓале на трето лице. Поради

---

[74] *Бабовски*, одлука од 3 јуни 2021 година
[75] *Стојановски*, одлука од 3 јуни 2021 година
[76] *Бекир и други*, одлука од 24 јуни 2021 година
[77] *Симовски*, одлука од 24 јуни 2021 година
[78] *Незири*, одлука од 8 јули 2021 година

слични причини, во слични околности, Судот ги отфрли апликациите со наводи за повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 во случаите *Ерјуз*[79] и *Гергури*[80].

Правата загарантирани со член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата беа предмет на разгледување и во случајот *ХАЈ-ТЕЧ Корпорација ДОО*[81] каде компанијата апликант се жалеше дека спротивно на споменатиот член, му било извршено двојно оданочување по протекот на рокот за застареност. Судот ги прифати аргументите на Владата дека рокот за застареност бил прекинат при повторното отворање на даночната постапка во која било утврдено дека компанијата апликант погрешно го пресметала данокот на добивка. Во светло на овие околности, ја прогласи апликацијата за очигледно неоснована и ја отфрли.

Жалбените наводи на компанијата апликант во случајот *ОНЕ Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје*[82] врзани за членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, беа дека домашните судови го одбиле нејзиното барање за исплата на име стекнување без основ. Потпирајќи се на заклучоците на домашните судови дека компанијата апликант не ги исполнила условите за да добие исплата на име стекнување без основ, поткрепени со конзистентна судска пракса во таа насока, Судот констатираше дека барањето на компанијата апликант е некомпатибилна *ratione materiae* и ги отфрли наводите за повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата .

Повикувајќи се на членот 1 од Протоколот бр. 12 на Конвенцијата, апликантката *Ангелковиќ*[83] се жалеше дека била дискриминирана во остварување на нејзините пензиски права, а врз основа на нејзиното место на живеење поради што не добивала додаток на плата. Судот заклучи дека апликантката не докажала дека била „жртва" на наводните повреди во однос на нејзините пензиски права, со оглед на тоа дека во моментот кога ја покренала постапката за дискриминација против работодавачот, сè уште била вработена, а откако се пензионирала не го известила Судот за истото, ниту доставила докази, дека висината на нејзината пензија е помала во споредба со онаа на поранешните колеги, кои примале надоместок за пат додека биле вработени. Поради тоа, Судот констатираше дека апликацијата е некомпатибилна *ratione personae* со одредбите на Конвенцијата, и ја отфрли апликацијата.

Апликантите во случајот *Дедејска и други и 7 други апликации* [84] биле членови на второстепени комисии за одлучување по жалби во управна постапка, именувани од Собранието со мандат од пет години, кои биле разрешени пред крајот на нивниот мандат. Апликантите се жалеа дека спротивно на членот 6 став 1 од Конвенцијата, немале пристап до суд за да го оспорат нивното разрешување. Исто така, се жалеа и според членот 13 од Конвенцијата, за недостаток на ефикасен домашен правен лек, во врска со нивните жалбени наводи за членот 6 став 1. Судот ја утврди достапноста на судската заштита во

[79] *Ерјуз*, одлука од 14 октомври 2021 година
[80] *Гергури*, одлука од 18 ноември 2021 година
[81] *ХАЈ-ТЕЧ Корпорација ДОО*, одлука од 14 октомври 2021 година
[82] *ОНЕ Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје*, одлука од 14 октомври 2021 година
[83] *Ангелковиќ*, одлука од 16 декември 2021 година
[84] *Дедејска и др.и други апликации*, одлука од 16 декември 2021 година

националниот систем преку управните постапки кои ги отпочнале дел од апликантите, констатирајќи дека Управниот суд ја прифатил, надлежноста да ја оцени законитоста на одлуки за разрешување донесени од Парламентот. Според тоа, жалбените наводи за членот 6 став 1 од Конвенцијата ги прогласи за очигледно неосновани и ги отфрли. Следствено, Судот заклучи дека апликантите немаат „спорно барање“ кое е во врска со членот 13 од Конвенцијата, поради што апликациите ги отфрли и во овој дел на нивните жалбени наводи.

Во текот на 2021 година, ЕСЧП донесе и 12 одлуки за спогодбено решавање на предмети по постигнато пријателско спогодување помеѓу државата и апликантите, 5 одлуки по еднострано признавање на повреда на ЕКЧП од страна на државата, а 2 предмети беа тргнати од листата според членот 37 став 1 (а) од Конвенцијата кој ја предвидува оваа можност во околности кои водат до заклучок дека апликантите немаат намера да продолжат со постапката по нивната апликација пред Судот.

## 6. ИЗНОС НА ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТ ДОСУДЕН ОД СТРАНА НА ЕСЧП СО ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2021 година износот на досудени средства по сите основи од страна на ЕСЧП (пресуди со констатирана повреда на ЕКЧП, одлуки за спогодбено решавање на предметите и одлуки донесени по основ на еднострана декларација, односно, признавање на повредите на ЕКЧП) е вкупно 155.350 евра и претставува повеќе од двојно намалување на износот на парични средства досудени од страна на ЕСЧП во претходната година. Рекордната бројка од 353.408 евра на досудени износи од страна на ЕСЧП во предмети против државата имаше во 2013 година.




## 7. ПРЕДМЕТИ ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

Откако во текот на 2016 година, државата го достигна рекордот по однос на бројот на пресуди и одлуки во однос на кои беше донесена финална резолуција од страна на

Комитетот на министри во текот на една година и со тоа означен беше крајот на процесот на нивното извршување, што пред сè се должи на затворање на околу 60 пресуди со кои беше констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од членот 6 на ЕКЧП, а во некои од нив и повреда на членот 13 (правото на ефикасен домашен правен лек) во врска со членот 6 (правото на судење во разумен рок), а пред сè капитилизирајќи ги напорите кои беа правени во годините претходно за забрзување на домашните постапки, намалувањето на бројот на т.н. „стари предмети“, но се чини пред сè на воведувањето на домашното правно средство пред Врховниот суд за заштита на правото на судење во разумен рок кое во 2011 година беше прогласено за ефикасно од страна на ЕСЧП[85], бројот на предмети за кои Комитетот на министри го затвори надзорот на извршување во текот на 2021 година изнесуваше 13[86], за разлика од 2020 година кога овој број изнесуваше 11. За листа на пресуди за кои е донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на 2021 година, види Анекс бр. 2.

Бројот на предмети во извршување, а под надзор на Комитетот на министри[87] забележа благо зголемување во 2021 година, односно бројот на крајот на годината изнесуваше 47. Бројот на нови предмети кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во 2021 година изнесуваше 20, за разлика од бројот во 2020 година кога изнесуваше 16.




---

[85] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука од 3 ноември 2011.
[86] Случајот *Настеска* истовремено е и во двете категории, како „водечки“ во својата група, а „повторувачки“ поради првичниот „водечки“ предмет, *Нанков*, кој е веќе затворен.
[87] За извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП и постапката на надзор од страна на Комитетот на министри види повеќе во Извештајот за работа на меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

Од „новите предмети“ или предметите кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во текот на 2021 година, 4 се водечки[88], а 16 се класифицирани како повторувачки предмети[89].




Од 13-те финални резолуции донесени во текот на 2021 година од страна на Комитетот на министри се затвори извршувањето на 8 пресуди, од кои 3 беа класифицирани како водечки предмети. Пет резолуции се однесуваа одлуки по основ на спогодбено решавање.

[88] Водечки случаи за потребите на надзор над извршувањето се оние предмети кои најчесто од Комитетот на министри (а може и од страна на ЕСЧП) се индетификувани како предмети кои разоткриваат структурни проблеми во државата и чие извршување задолжително бара превземање на ткн. општи мерки, кои имаат за цел да превенираат идни слични повреди на ЕКЧП и/или пресуди кои во зависност од околностите бараат превземање на посложени мерки за нивно извршување. „Клонирани” или повторувачки предмети се во принцип оние кои се однесуваат на структурни проблеми кои веќе се покренати пред Комитетот на министри во еден или повеќе водечки предмети против државата, па овие предмети зацелите на надзорот над извршувањето најчесто се групираат во група со водечкиот предмет.
[89] Предмети кои се однесуваат на структурни или генерални проблеми кои веќе се покренати пред Комитетот на министри во еден или повеќе водечки случаи, односно предмети.




Во текот на 2021 година од страна на Бирото за застапување на Република Северна Македонија беа изготвени и до Комитетот на министри испратени 8 акциони планови/извештаи за вкупно 11 пресуди на ЕСЧП, преку кои државата реферира, а Комитетот на министри го врши надзорот на извршувањето на пресудите на ЕСЧП против државата. За листата на овие предмети види Анекс бр. 3.

Република Северна Македонија, 2021 година ја заврши со 47 предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри, од кои 15 предмети беа водечки. За листата на водечки предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри види повеќе во Анекс бр. 4. На крајот на 2021 година, под зајакнат надзор на Комитет на министри биле 11 пресуди на ЕСЧП[90] од кои 3 се водечки предмети[91].

---

[90] *X*, пресуда од 17 јануари 2019; *„Православна охридска архиепископија (Грко-православна архиепископија на Пеќката патријаршија)"*, пресуда од 16 ноември 2017, *Бекташиската заедница и др.*, пресуда од 12 април 2018; *Китановски*, А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015, *Хајрулаху*, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015, *Аслани*, А.бр.24058/13, пресуда од 10 декември 2015, *Андоновски*, А. бр. 24312/10, пресуда од 23 јули 2015, *Илиевска*, А.бр. 20136/11, пресуда од 7 мај 2015, *Трендафиловски*, А.бр. 59119/15, пресуда од 17 декември 2020, *X и Y*, А.бр. 173/17, пресуда од 5 ноември 2020, *Мемедов*, А.бр. 31016/17, пресуда од 24 јуни 2021).

[91] *X*, пресуда од 17 јануари 2019; *„Православна охридска архиепископија (Грко-православна архиепископија на Пеќката патријаршија)"*, пресуда од 16 ноември 2017 и Китановски, А.бр.15191/12, пресуда од 22 јануари 2015.


Предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри
50
40
30
20
10
0
35
9
40
16
47
20
2019
2020
2021
Вкупно
Новодоставени предмети

| | АНЕКС БР.1 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДОСТАВЕНИ НА ОДГОВОР ВО 2021 г. | | | |
| | ПРЕДМЕТ | БРОЈ НА АПЛИКАЦИЈА | АПЛИКАНТ/И | ЖАЛБЕНИ НАВОДИ НА АПЛИКАНТОТ/ИТЕ |
| 1. | АСАНОВСКИ и 2 други апликации | А.бр. 19137/18 | Витес Асановски<br>Цељана Асановска<br>Стојан Асановски | член 2 § 2 Протоколот бр. 4 од Конвенцијата<br>(слобода на движење)<br><br>член 1 од Протоколот бр. 12 од Конвенцијата<br>(општа забрана за дискриминација)<br><br>член 14 од Конвенцијата во врска со член 2 § 2 од Протоколот бр. 4 (забрана за дискриминација во врска со слободата на движење) |
| | | А.бр. 20189/18 | Бедати Сулиманов | |
| | | А.бр. 30425/18 | Фазли Демировски | |
| 2. | МУКОСКИ | А.бр. 16376/18 | Крсто Мукоски | член 5 §§ 1 и 3 од Конвенцијата<br>(право на слобода и безбедност) |
| 3. | ПАНЧЕВСКИ | А.бр. 17155/18 | Владимир Панчевски | член 6 § 1 од Конвенцијата<br>(право на правично судење)<br><br>член 8 од Конвенцијата<br>(право на приватен и семеен живот) |
| 4. | БЛАЖЕСКИ и други | А.бр. 56741/18 | Роберт Блажески<br>Крсте Блажески<br>Герасим Ванчев | член 1 од Протокол бр. 1 кон Конвенцијата<br>(право на сопственост) |
| 5. | ФИЛИЌ | А.бр. 45174/20 | Ненад Филиќ | член 6 § 1 од Конвенцијата<br>(право на правично судење)<br><br>член 8 од Конвенцијата<br>(право на приватен и семеен живот)<br><br>член 13 од Конвенцијата<br>(право на реална жалба) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | КИТАНОВСКА и 1 друга апликација | А.бр. 53030/19<br>А.бр. 31378/20 | Надежда Китановска<br>Димитар Барбуловски | член 6 од Конвенцијата<br>(право на правично судење) |
| 7. | ЏАФЕР | А.бр. 4378/20 | Софија Џафер | член 2 од Конвенцијата<br>(право на живот) |
| 8. | ЈОВАНОВСКИ | А.бр. 30244/18 | Тони Јовановски<br>Силвана Јовановска | член 8 од Конвенцијата<br>(право на приватен и семеен живот) |
| 9. | ЕЛМАЗОВА и други и 1 друга апликација | А.бр. 11811/20 | Сериха Елмазова<br>Фердит Арсланоски<br>У.А.<br>Бајрам Арслановски<br>Д.А.<br>Елведина Асановска<br>Мукерем Бајрамова<br>Ш.Д.<br>Ф.Е.<br>Р.Е.<br>Нурије Елмазова<br>Ф.Г.<br>А.К.<br>Џ.К.<br>Денис Канановски<br>Ерѓун Канановски<br>Ујар Керим<br>В.К.<br>Муслина Керимовска<br>Б.К.<br>Џ.Л.<br>А.М.<br>Ферди Мемедов<br>Ален Муса<br>Д.М.<br>Ферди Муса | член 14 во врска со член 2 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата<br>(заштита од дискриминација во врска со правото на образование)<br><br>член 1 од Протоколот бр. 12 кон Конвенцијата<br>(општа забрана за дискриминација) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | М.М.<br>С.М.<br>С.М.<br>С.М.<br>Т.М.<br>Џулиета Мусовска<br>Н.М.<br>Наиљ Мусовски<br>С.М.<br>О.Р.<br>Барије Рамова<br>М.Р.<br>Мемет Рушидов<br>Семави Рустемов<br>С.Р.<br>А.Р.<br>Е.Р.<br>Невзат Рустемовски<br>Нергузе Веселова | |
| | | А.бр. 13550/20 | Диван Јашаров<br>Деира Бајрам<br>З.Б.<br>Ахмед Демиров<br>А.Д.<br>Седатин Демиров<br>Т.Д.<br>Есма Демирова<br>С.Д.<br>Ќемал Дестанов<br>С.Д.<br>Али Џеват Џеладинов<br>И.Џ.<br>Билент Дурмишев<br>Џенгиз Дурмишев<br>Е.Д.<br>Е.Д.<br>Ч.Х. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Г.И.<br>Мехриџан Идризова<br>Семихан Јашаров<br>Ѓ.Ј.<br>А.М.<br>А.М.<br>Џ.М.<br>М.М.<br>Адиле Мемедова<br>Р.М.<br>Сенада Мемедова<br>Р.О.<br>Бахара Османова<br>Мери Парлапанова<br>Ф.Ш.<br>Реџеп Шакиров<br>А.С.<br>Б.В.<br>Елсијан Велиева<br>Ѓуљсан Велиева<br>Ф.В.<br>Л.В.<br>Мустафа Велиов<br>Шејнус Велиов | |
| 10. | ДАНЕВСКИ | А.бр. 31015/20 | Зоран Даневски | член 5 § 1 (а) од Конвенцијата<br>(право на слобода и безбедност)<br><br>член 6 од Конвенцијата<br>(право на правично судење) |
| 11. | ИЛЈАЗ | А.бр. 53040/19 | Роберт Илјаз | член 3 од Конвенцијата<br>(забрана за мачење)<br><br>член 13 од Конвенцијата<br>(право на реална жалба) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | МИЈАЛКОВ | А.бр. 26853/19 | Сашо Мијалков | член 5 од Конвенцијата<br>(право на слобода и безбедност) |
| 13. | М.Д. | А.бр. 46504/18 | М.Д. | член 1 од Протокол бр. 7 кон Конвенцијата<br>(процедурални гаранции во случај на протерување на странци) |
| 14. | ЖЕЖОВСКИ | А.бр. 52572/18 | Митко Жежовски | член 6 § 1 од Конвенцијата<br>(право на правично судење) |
| 15. | ЈОВАНОВ и 1 друга апликација | А. бр. 22738/20<br>А. бр. 35558/20 | Марјан Јованов | член 5 §§ 3 и 4 од Конвенцијата<br>(право на слобода и безбедност) |
| 16. | ИЛИЌ | А. бр. 23346/18 | Бобан Илиќ | член 5 § 4 од Конвенцијата<br>(право на слобода и безбедност) |
| 17. | 2002 ЕВРОБУС УВОЗ-ИЗВОЗ ПРИЛЕП ДОО | А. бр. 27027/18 | 2002 ЕВРОБУС УВОЗ-ИЗВОЗ ПРИЛЕП ДОО | член 6 § 2 од Конвенцијата<br>(право на правично судење) |
| 18. | ДОЦЕВСКА-БОЖИНОВСКА | А.бр. 25190/18 | Елена Доцевска-Божиновска | член 5 § 4 од Конвенцијата<br>(право на слобода и безбедност) |
| 19. | ТОДОРОВСКИ | А.бр. 53112/18 | Драган Тодоровски | член 6 § 1 од Конвенцијата<br>(право на правично судење) |
| 20. | М.Ц.Г. и други | А.бр. 31347/20 | М.Ч.Г.<br>С.Ч.<br>Т.Ч. | член 3 од Конвенцијата<br>(забрана за мачење) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | МИЛЕВСКА и други и 7 други апликации | А.бр. 37805/19 | Стојанка Милевска<br>Владанка Ангеловска<br>Марика Пејоска<br>Маре Мирческа<br>Киро Мирчески<br>Љубица Стефановска<br>Добринка Блажевска<br>Верица Геровска<br>Перса Паневска<br>Дафа Костова<br>Лилјана Ристовска<br>Тодорче Тодевски | член 6 од Конвенцијата<br>(право на правично судење)<br><br>член 13 од Конвенцијата<br>(право на реална жалба) |
| | | А.бр. 7537/20 | Трајанка Стојановска<br>Драгица Павловска<br>Љубица Антонова<br>Димитрија Маринчевски<br>Сашо Трајановски<br>Зора Димовска<br>Ѓорги Штерјов<br>Грана Панчевска<br>Лозанка Марковиќ<br>Убавка Ѓиревска | |
| | | А.бр. 7846/20 | Зоран Анастасов<br>Менка Илиоска<br>Ристо Петковски<br>Миле Алексовски<br>Зорица Алексовска<br>Борче Ванески<br>Донка Иванова | |
| | | А.бр. 9162/20 | Живка Таневска<br>Благе Стојановски<br>Благица Чавкоска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Анка Савеска<br>Зоран Крстевски<br>Бона Јовановска<br>Јагода Михајлоска<br>Лидија Гроздановска | |
| | | А.бр. 12110/20 | Зара Божиновска<br>Стојанка Смилеска<br>Гордана Петковска | |
| | | А.бр. 13335/20 | Павлина Ристеска<br>Дафинка Митровска<br>Игор Малцев<br>Ќамил Јакупи<br>Мартин Николовски<br>Петар Премчески<br>Цветанка Думалоска<br>Димитар Цветаноски<br>Веска Николова | |
| | | А.бр. 14511/20 | Виолета Величковска<br>Росана Крстевска<br>Цвета Божиновска<br>Жаклина Доневска<br>Лепа Богевска<br>Виолета Нешиќ<br>Бисера Ѓорѓевиќ<br>Бранко Петровски<br>Спасе Филиповски<br>Илија Стојановски | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | А.бр. 15660/20 | Олга Питроповска<br>Живка Угрова<br>Олгица Коцевска<br>Снежанка Гудумановска<br>Томислав Милевски | |
| 22. | КОЧОВСКА и 5 други апликации | А.бр. 37800/19 | Рада Кочовска<br>Катерина Масевска<br>Миле Божиновски | член 6 од Конвенцијата<br>(право на правично судење) |
| | | А.бр. 7849/20 | Споменка Штерјова<br>Славица Митевска<br>Неда Јанковска<br>Олгица Чиплаковска<br>Светлана Ѓорговска<br>Миле Ѓорѓијевски<br>Мирјана Атанасовска<br>Христо Стоицов<br>Катица Блажевска | |
| | | А.бр. 10675/20 | Сребра Терзиќ<br>Веса Николовска<br>Живка Јакимовска<br>Драгица Младеноска<br>Митка Стоилковска<br>Мирсија Даздаревиќ<br>Илина Волческа<br>Вера Христовска<br>Евто Крстески<br>Славица Крстеска | |
| | | А.бр. 12351/20 | Јанинка Стојкоска<br>Даиле Питарка<br>Виолета Кузмановска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Биљана Николовска<br>Вера Симеонова<br>Рушка Станковска<br>Божана Симоновска<br>Благоја Димовски<br>Милко Миладиновски | |
| | | А.бр. 13225/20 | Марија Мицковска<br>Вросија Цветаноска<br>Нада Анѓелковиќ<br>Дафинка Радеска<br>Верка Марковска<br>Љуба Лазаревска<br>Ленка Паневска<br>Зора Јанчева | |
| | | А.бр. 14350/20 | Снежана Ничова<br>Илинка Стаматовска<br>Слободан Савески<br>Сребра Крстоска<br>Драгица Стамкова<br>Варка Божиновска<br>Звонко Ристески<br>Драги Стојановски<br>Ацо Трајковски | |

| АНЕКС БР. 2 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕСУДИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЧИЕ ИЗВРШУВАЊЕ Е ЗАТВОРЕНО СО ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ УСВОЕНИ ОД КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ВО 2021 ГОДИНА** | | | | | |
| | **Предмет** | **Број на апликација** | **Датум на донесување на пресуда** | **Датум на донесување на финална резолуција** | **Вид на повреда** |
| 1. | **Настеска** | А.бр. 23152/05 | 27.05.2010 | 08.12.2021 | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на еднаквост на оружјата во кривичната постапка против апликантката;<br>-долго траење на кривичната постапка |
| 2. | **Атанасов (No. 1)** | А.бр. 22745/06 | 17.02.2011 | 08.12.2021 | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на еднаквост на оружјата во постапката пред Апелацискиот суд |
| 3. | **Ефтимов** | А.бр. 59974/08 | 02.07.2015 | 08.12.2021 | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>-долго траење на кривичната постапка;<br>-повреда на правото на еднаквост на оружјата во постапката пред Врховниот суд |
| 4. | **Л.Р.** | А.бр. 38067/15 | 23.01.2020 | 08.12.2021 | **член 3 од Конвенцијата**<br>- Нечовечко и понижувачко постапување, односно несоодветна грижа и третман на ментално болно осумгодишно дете кое над една година и девет месеци било сместено во установа несоодветна за неговата здравствена состојба, детето честопати било врзувано за неговиот кревет за да не може да бега;<br>- Отсуство на ефективна истрага |
| 5. | **Гелевски** | А.бр. 28032/12 | 08.10.2020 | 14.09.2021 | **член 10 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на слободно изразување на апликантот новинар кој бил осуден за клевета заради напишана колумна |
| 6. | **Ј.М. и А.Т.** | А.бр.79783/13 | 22.10.2020 | 30.06.2021 | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на приватен живот поради откривање на чувствителни медицински податоци на апликантите како пациенти на метадонска терапија |
| 7. | **Авто атом ДОО Кочани** | А.бр. 21954/16 | 28.05.2020 | 03.02.2021 | **член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост на компанијата-апликант која била лишена од правото на одбивка на ДДВ |
| 8. | **Демерџиева и други** | А.бр. 19315/06 | 10.06.2010 | 10.02.2021 | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на пристап до суд на апликантите |

## Анекс бр. 3

**Предмети за кои што се поднесени акциони планови и извештаи во текот на 2021 година:**

1. Стрезовски и 7 други (А.бр.14460/16, А.бр.14958/16, А.бр.14962/16, А.бр.14966/16, А.бр.27884/16, А.бр.16064/17, А.бр.20229/17 и А.бр.30206/17);
2. Проданов (А.бр. 73087/12)
3. Л.Р. (А.бр.38067/15);
4. Х (А.бр.29683/16);
5. Гелевски (А.бр. 28032/12);
6. Група на предмети: Митови (А.бр. 53565/13) и Олури (А.бр. 3368/18);
7. Демерџиева и други (А.бр. 19315/06);
8. Група на предмети: Настеска (А.бр. 23152/05), Атанасов (А.бр. 22745/06) и Ефтимов (А.бр. 59974/08)

АНЕКС БР. 4

„ВОДЕЧКИ“ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

| | Број на апликација | Датум на донесување на пресудата | Датум на правосилност | Апликант | Вид на повреда | Тип на надзор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | А.бр. 2833/13 | 10.06.2021 | 10.09.2021 | Бајиќ | **Член 6 § 1 од Конвенцијата (кривичен аспект)**<br>- Недоставувањето на писмениот одговор од јавниот обвинител поднесен до Врховниот суд на апликантот, не соодветствувало со правото на контрадикторна постапка и еднаквост на оружјата | Стандарден надзор |
| 2. | А.бр.29683/16 | 17.01.2019 | 17.04.2019 | X | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на апликантот на почитување на правото на приватност, како резултат на недостаток на правна рамка која ги регулира условите и постапката за промена на ознаката за пол во изводот на родени; | Засилен надзор |
| 3. | А.бр.3532/07 | 16.11.2017 | 09.04.2018 | "ПОА (Грко-православна Охридска архиепископија на Пеќката Патријаршија)" | **член 11 во врска со член 9 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на слобода на здружување поради одбивањето на државните власти да го регистрираат здружението апликант како верски субјект; | Засилен надзор |
| 4. | А.бр. 48057/12 | 01.04.2021 | 01.04.2021 | ТРАНСКОП АД Битола | **повреда на членот 6 § 1 од Конвенцијата**<br>- пропуст на домашните судови да одржат усна расправа;<br>- повреда на принципот на контрадикторност на постапката; | Стандарден надзор |
| 5. | А.бр.41188/06 | 19.04.2011 | 19.07.2011 | Атанасов (No.2) | **членот 6 §§ 1 и 3 (г) од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на правично судење во кривична постапка, поради необезбедување на можност за сослушување на сведок; | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | А.бр.28169/08 | 28.10.2010 | 28.01.2011 | **Василкоски и други** | **членот 5 § 3 од Конвенцијата**<br>-отсуство на конкретни и недоволно образложени причини за притвор на апликантите; | **Стандарден надзор** |
| **7.** | **А.бр.15191/12** | **22.01.2015** | **22.04.2015** | **Китановски** | **член 2 од Конвенцијата (материјален аспект )**<br>-употреба на живото-загрозувачки третман од страна на полициски службеници;<br><br>**член 3 од Конвенцијата (материјален аспект)**<br>-деградирачки третман од страна на полициските службеници завреме на неговото апсење;<br><br>**член 2 и 3 од Конвенцијата (процесен аспект)**<br>-отсуство на ефективна истрага за жалбените наводи на апликантот поради живото-загрозувачкиот и деградирачки третман од страна на полициските службеници; | **Зајакнат надзор** |
| **8.** | **А.бр. 53565/13** | **16.04.2015** | **16.07.2015** | **Митови** | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на апликантите на почитување на нивниот семеен живот, како резултат на пропустот на државните власти да преземат соодветни и ефективни напори за извршување на одлуките за видување на Центарот за социјални работи;<br><br>**член 13 од Конвенцијата во врска со членот 8 од Конвенцијата**<br>-отсуство на ефективен правен лек; | **Стандарден надзор** |
| **9.** | **А.бр. 46082/14** | **26.09.2019** | **26.09.2019** | **Анастасов** | **член 1 од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост поради конфискација на возилото на апликантот во прекршочна постапка која застарела во 2012 г.; | **Стандарден надзор** |
| **10.** | **А.бр.51599/11** | **14.11.2019** | **14.11.2019** | **Јакимовски и Кари превоз** | **член 1 од Протокол број 1 кон Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост на апликантите заради одземање на нивниот камион во текот на царинската прекршочна постапка | **Стандарден надзор** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | А.бр.59842/14 | 25.03.2021 | 25.06.2021 | Стоименовиќ и Милошевиќ | **член 6 § 1 од Конвенцијата (граѓански аспект)**<br>- Отсуство на непристрасност на судија на Врховниот суд кој претходно бил дел од советот од пет судии во кривична постапка, а подоцна и дел од советот кој одлучувал во последователната граѓанска постапка која била тесно поврзана со кривичната постапка;<br>- Пропуст на судијата должно да го извести претседателот на судот за случајот во последователната граѓанската постапка;<br>- Тајноста на советувањето го оневозможило утврдувањето на реалното влијание на судијата во граѓанската постапка; | Стандарден надзор |
| 12. | А.бр.42895/14 | 23.01.2020 | 22.06.2020 | Адиловска | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>-одбивање на тужбеното барање на апликантката без разгледување на неговата основаност; | Стандарден надзор |
| 13. | А.бр.53205/13 | 13.02.2020 | 13.06.2020 | Трајковски и Чиповски | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на приватен живот поради правната рамка врз основа на која домашните органи ги зеле, обработиле и чувале нивните ДНК примероци; | Стандарден надзор |
| 14. | А.бр.14460/16 | 27.02.2020 | 27.06.2020 | Стрезовски и други | **член 1 од Протокол број 1 кон Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост заради бланкетниот пристап на домашните судови во однос на обврската за плаќање на фиксен надомест за топлинска енергија на исклучени корисници од системот на централно греење; | Стандарден надзор |
| 15. | А.бр.73087/12 | 10.06.2021 | 10.06.2021 | Проданов | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>- повреда на правото на апликантот за пристап до суд поради отфрлањето на изјавената ревизија од Врховниот суд како недозволена *ratione valoris*. | Стандарден надзор |